Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006...96/2019), член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/2013), и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/1998 и 21/2009), на седницата одржана на 28.09.2020 година, го усвои следното:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Доверителот со недоставување на податоци за неговата трансакциона сметка, по барање на должникот по правосилноста на пресудата, а пред да настапи извршност на истата, која гласи на исполнување на парична обврска, го спречува исполнувањето со такво негово однесување, а со тоа паѓа во задоцнување согласно член 314 став 1 од Законот за облигационите односи, од кој момент престанува да тече камата согласно член 315 став 2 од истиот закон.**

## О б р а з л о ж е н и е

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија со допис до Одделот за граѓански дела достави заклучок Одделот да расправа по барањето поднесено од НН, по правното прашање: „Дали во ситуација кога должникот по правосилна пресуда, но пред да настапи извршност на истата по писмен пат се обратил до доверителот и од него побарал потребни податоци заради доброволно исполнување на обврската со која е задолжен, со недоставување на бараните податоци доверителот паднал во задоцнување, во смисла на одредбите од член 314 став 1 и член 315 став 1 и 2 од Законот за облигационите односи.

Заклучокот Одделот за судска практика го донел раководејќи се од неспорниот факт дека по истото правно прашање, постојат различни судски одлуки, односно при иста правна и фактичка состојба судовите постапуваат различно во примената на член 314 став 1 од Законот за облигационите односи.

Имено, Апелациониот суд Гостивар во решението ГЖ.бр.1341/18 од 02.11.2018 година по истото правно прашање заклучил дека доверителот не паднал во задоцнување, додека Апелациониот суд Битола во решението ГЖ.бр.703/12 изразил спротивно мислење.

Апелациониот суд Скопје - Граѓански оддел наоѓа дека доверителот паднал во задоцнување и нема право на камата на главниот долг со недоставување податоци за неговата трансакциона сметка. Трговскиот оддел при Апелациониот суд Скопје, донел заклучок со кој се согласува со изразениот став на Апелациониот суд Гостивар.

Апелациониот суд Штип – граѓански оддел на ден 16.09.2019 година по истото правно прашање донел заклучок дека доверителот нема право да побарува камата на главниот долг од моментот кога не доставил податоци за неговата трансакциона сметка кога паднал во задоцнување.

Од изложеното, а поради обезбедување единство во примена на член 314 став 1 и член 315 ств 1 и 2 од Законот за облигационите односи, Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија, најде дека е потребно по расправање по поставеното правно прашање да донесе правно мислење.

Ако се поаѓа од содржината на член 314 став 1 од Законот за облигационите односи, според која одредба доверителот паѓа во задоцнување ако без основана причина одбие да го прими исполнувањето ила ако го спречи со своето однесување, може да се заклучи дека до доверителовото задоцнување (MORA CREDITORIS) се доаѓа не само кога ќе го одбие приемот на исполнувањето без основана причина, туку и со спречување на неговото исполнување со неговото однесување.

Во оваа насока во правната доктрина, а и во судската практика нема дилеми дека доверителот паѓа во задоцнување ако не превземе определени претходни дејствија без кои должникот не може да ја исполни обврската, а со тоа истовремено престанува должниковото задоцнување (MORA DEBITORIS).

Врз основа на наведеното, следуваше Оделот за граѓански дела да го донесе правното мислење.

**Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**
**Оддел за граѓански дела**